

**ИВАНЧО ТОЧКОВ, дипл. шум. инж.**
**(1942—1989)**

Ноќта, меѓу 29 и 30. ноември 1989 година, по кратко, но тешко боледување засекогаш згасна сè уште младиот живот на нашиот колега Иванчо ТОЧКОВ, директор на Шумското стопанство „Б о р“ — Кавадарци. Оваа неочекувана, но, вистинита вест болно одекна меѓу неговите колеги, другари, пријатели и членови на Сојузот на инженери и техничари по шумарство и индустрија за преработка на дрво на СР Македонија.

Со неповратното заминување на колегата Иванчо (Ванчо), шумарската струка загуби еден млад и добар стручњак, Шумското стопанство „Бор“ — Кавадарци загуби способен раководител и стручњак, а сите ние добар другар и колега, додека неговото семејство загуби добар родител, сопруг и син.

Иванчо (Ванчо) Точков е роден на 10. јануари 1942 год. во село Ресава — Кавадарци. Основното образование го оформува во родното место, а средното во Средното шумарско училиште „Иво Рибар Лола“ во Кавадарци. Матурира во учебната 1961/62 година. По матурирањето, во учебната 1962/63 година се запишува на Земјоделско-шумарскиот факултет, Отсек шумарство во Скопје, каде што дипломира во 1970 год. Во текот на студиите, односно по завршувањето на втората година, ги прекинува студиите и заминува на отслужување на воениот рок во ЈНА.

Веднаш по дипломирањето на Земјоделско-шумарскиот факултет, на 5. мај 1970 год. се вработува во Шумското стопанство „Сандански“ во Македонски Брод, на работното место технички директор. Во оваа организација останува до 10. мај 1975 год. Од 11. мај 1975 год. се вработува во Шумското стопанство „Бор“ — Кавадарци на работното место раководител на Економската единица „Конопиште“ — Конопиште. На ова работно место останува до 31. март 1981 година, а одовде е назначен, односно префрлен за раководител на Работната единица „Кавадарци“ — Кавадарци, во истата работна организација.

На сите работни места во напред наведените работни единици со голема љубов и успех ги извршуваше поставените задачи. Се покажа и како, добар стручњак, и како добар организатор и раководител. Како резултат на неговата професионална активност, стигнува и признанието од колективот, кое е крунисано со изборот за директор на работната организација Шумско стопанство „Бор“, на 22. јануари 1988 година. На оваа должност го затече неумоливата и сурова смрт. Со тоа се прекинати сите негови амбиции и реални планови за развојот на организацијата.

Колегата Ванчо беше уверен во себе и во своите способности, во што и не грешеше, па ја прифати директорската функција и кон нејзината одговорност пристапи со голема сериозност и целиот беше посветен на нејзините обврски. И покрај краткиот временски период на директорската функција, тој покажа видливи резултати во работата на својата организација, но поради смртта не можеше до крај да ги реализира поставените задачи и да ја изведе организацијата по трасираниот и зацртан развоен пат. Но, неговиот колектив и колегите ќе ја продолжат започнатата работа и со успех ќе ја извршат.

Ванчо Точков има и видлива општествено-политичка активност и во општествено-политичките организации во стопанството и во самоуправните тела. Забележителна активност покажа во својот стручен Сојуз на инженери по шумарство и индустрија за преработка на дрво на СР Македонија. Член е на СКМ од 1974 година и во оваа организација покажуваше голема активност, со задоволство ги прифаќаше и со успех ги извршуваше поставените задачи.

Сите ние, неговите колеги, другари и пријатели, жалиме што предвреме, засекогаш нè напушти другарот Ванчо и тоа во најдобрите творечки години, оставајќи зад себе многу недовршени работи.

Неговиот колектив и неговите колеги ќе го продолжат она што тој го започна, а овие неколку напишани зборови нека нè потсетуваат на вредниот и скромен колега Ванчо, добар човек, другар и пријател, кој сите свои сили и способности ги посвети на стопанството и својата струка.

За се она што сторил за општеството, струката, Сојузот, претпријатието, другарите и пријателите, а посебно за семејството му благодариме и нека му е вечна слава.

М. С. — Р. Н.